Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто педесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија,одржана на 8 јуни 2023 година**

**Скопје, јуни 2023 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто педесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 8 јуни 2023 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 11:10 часот.

Со седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваше Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата м-р Кренар Лога, министер за правда, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи, м-р Назим Буши, заменик на министерот за внатрешни работи, Филип Николоски, заменик на министерот за финансии и м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика.

На седницата учествуваше и м-р Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата не учествуваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика и Ристо Пенов, министер за локална самоуправа.

*

*     *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Предлог-програма за изменување на Програмата за водостопанство за 2023 година

2. Информација за подготовките за организирање на Третото издание на Преспа форум за дијалог насловен „Проширено европско семејство до 2030: (не) возможна мисија?“, 15 и 16 јуни 2023 година, Струга и потребата од меѓуресорска поделба на дополнителните трошоци и организациските обврски поврзани со одржувањето на форумот

3. Кадровски прашања

4. Прашања и предлози

5. Финансиски план за изменување на Финансискиот план на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2023 година

6. План за изменување и дополнување на Годишната инвестициона програма на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2023 година

7. Информацијата за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство и трговија Маккан Хелт ДООЕЛ-Куманово, со Предлог-одлука

*

*       *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за водостопанство за 2023 година.

**<u>Точка 2</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовките за организирање на Третото издание на Преспа форум за дијалог насловен „Проширено европско семејство до 2030: (не) возможна мисија?“, 15 и 16 јуни 2023 година, Струга и потребата од меѓуресорска поделба на дополнителните трошоци и организациските обврски поврзани со одржувањето на форумот и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за надворешни работи во рамките на својот редовен буџет да ги преземе потребните активности и трошоци (авио билети за дел од гостите-ВИП личности, специјални гости и модератори, ВИП салон за ВИП делегации на аеродромите во Република Северна Македонија, техничка опрема за опремување на конференциски сали во хотелот „Дрим“ во Струга, хотелско сместување на дел од гостите, дел од угостителските услуги на настанот кој ќе ги обезбеди хотелот, дел од превозот на ВИП делегациите и останати делегации и учесници, како и други активности и трошоци), со цел успешна организација и одржување на Третото издание на Преспа форумот за дијалог.

2. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да ги стави на располагање возилата од својот возен парк за превоз на ВИП делегации и членови на останати делегации за организација и одржување на Третото издание на Преспа форум за дијалог за 2023 година, а користејќи ги и сопствените човечки и материјални ресурси да овозможи ихрана, пијалоци и послужување за предвидените угостителски настани (ручеци, вечери и коктели) во местото на одржување на настанот-хотелот „Дрим“ во Струга од 14 до 17 јуни 2023 година.

3. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ги покрие дополнителните трошоци за организација и одржување на Третото издание на Преспа форум за дијалог во рамките на одобрените буџети за 2023 година, а користејќи ги и сопствените човечки и материјални ресурси и тоа: за закуп на сали (без техничка опрема) во хотелот „Дрим“ во Струга, за хотелско сместување на дел од гостите, за печатени материјали, во износ до 2.000.000 денари.

4. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги преземе потребните мерки и активности поврзани со сигурноста и обезбедувањето на ВИП гостите и на севкупниот настан.

5. Сезадолжува Министерството за здравство да ги преземе потребните мерки и активности поврзани со обезбедувањето дежурна лекарска екипа и амбулатни возила, како и други медицински потреби за времетраењето на настанот.

6. Се пропорачува на Општина Струга да обезбеди дежурни противпожарни екипи и возила за времетраењето на настанот.

8. Се задолжува Министерството за надворешни работи по завршувањето на настанот да ја информира Владата најдоцна до 30 јули 2023 година.

**Точка 3**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 4**

По оваа точка немаше прашања ниту предлози.

**Точка 5**

Владата го разгледа и го усвои Финансискиот план за изменување на Финансискиот план на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2023 година.

**Точка 6**

Владата го разгледа и го усвои Планот за изменување и дополнување на Годишната инвестициона програма на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2023 година.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство и трговија Маккан Хелт ДООЕЛ-Куманово, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата (усогласена согласно укажувањето изнасено во Мислењето на Секретаријатот за законодавство) и ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство и трговија Маккан Хелт ДООЕЛ Куманово.

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 11:20 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**м-р Методија Димовски**

**Прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**dr. Artan Grubi**